**6. Организирање на обука за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа**

Организирање на пет обуки за студенти (со вкупен опфат од 150 учесници) за аплицирање за работа – подготовка на резиме и мотивациско писмо, однесување за време на интервју, како и информирање за документите потребни при аплицирање за работа, а со цел подигање на свеста на младите луѓе за полесно пристапување кон пазарот на трудот.

- 300.000 денари

**7. Кофинансирање на Европска недела на МСП**

Поддршка при организирање на Европска недела на МСП со цел зголемување на мотивираноста и партиципацијата на малите и средните претпријатија, младите и потенцијалните претприемачи.

150.000 денари

**8. Организарање на менторство помеѓу искусни претприемачи и старт-ап фирми**

Организирање на три работилници на кои искусни претприемачи ќе го презентираат своето искуство во соочувањето на предизвиците од моментот кога го отвориле својот бизнис до моментот кога истиот станува самоодржлив. Целта на овие настани е да се охрабрат новите претприемачи да не се откажуваат во првите години од постоењето на нивните бизниси како и да се подигне нивната свест и самодоверба при менаџирање на претпријатието.

- 200.000 денари

**9.Организирање на обука за локални консултанти**

Организирање на тридневна обука за најмалку 25 локални консултанти за здобивање на дополнителни знаења и вештини со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај малите и средните претпријатија изработени во регионов и во Република Македонија.

- 250.000 денари

**10. Организирање на обуки за зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија**

Организирање на пет еднодневни обуки за малите и средните претпријатија со вкупен опфат од 150 учесници, со цел подигање на конкурентноста, зголемување на инвестициите за воведување на иновации и истражувачки активности, зајакнување на интернационализацијата, како и зголемување на капацитетите на вработените.

- 300.000 денари

**11. Подготовка на годишен извештај - Опсерваторија за МСП**

Подготовка на годишен извештај за состојбата кај малите и средните претпријатија и трендовите на овој сектор во 2015 година. Извештајот опфаќа споредба на бројот на малите и средните претпријатија, нивното учество во бруто домашниот производ, во извозот, итн.

- 200.000 денари

**12. Организирање на обуки за општествена одговорност и промоција на социјалното претприемништво**

Организирање на три еднодневни обуки за вкупно 75 претпријатија, за подигање на свеста за спроведување на општествено одговорни практики и покажување на интерес за подобро функционирање во насока на општествената одговорност, како и промоција на концептот за социјално претприемништво.

- 250.000 денари

**13. Поддршка за женско претприемништво**

Организирање на обуки за жени претприемачи согласно анализите за потреби од обуки подготвени на национално и регионално ниво. Во рамките на оваа активност ќе се организираат три обуки на различни теми се со цел да се подигне нивото на конкурентност кај веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи. На обуките ќе можат да присуствуваат и жени претприемачи кои штотуку го основале својот бизнис.

- 150.000 денари

Член 3

Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија до 31.01.2017 година, да достави извештај до Владата на Република Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кои ќе бидат опфатени постигнатите резултати како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-13334/1-15
5 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.